# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во трет квартал од 2015 година

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 32 став 2 („Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во основниот буџет на Општина Битола, за трет квартал биле реализирани приходи во износ од 386.671.344,00 денари, од планираните 712.436.640,00 денари за 2015 година или 54,27% остварени приходи од планираните за 2015 година, додека реализираните расходи се во износ од 374.881.121,00 денари од планираните 712.436.640,00 денари за 2015 година или 52,62 % остварување во однос на планираното за 2015 година.

***Динамика на движење на приходите во третиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, од планираните 16.975.000,00 денари на вкупниот буџет, остварени се приходи во износ од 13.002.975,00 денари или 76,60 %.

Ставка 713- Данок на имот, од планираните 159.100.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 110.667.437,00 денари или 69,56 %.

Ставка 717-Данок на специфични услуги, од планираните 206.324.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 132.653.488,00 денари или 64,29 % реализација од планираното.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност, од планираните 38.047.308,00 денари, остварени се 11.490.387,00 денари или 30,20 %.

Ставка 722- Глоби, судски и административни такси, од планираните 5.035.000,00 денари, остварени приходи во третиот квартал се во износ од 3.191.390,00 денари, или 63,38 % од планираните.

Ставка 723-Такси и надоместоци, од планираните 15.000.000,00 денари за 2015 година, остварени приходи се во износ од 8.904.238,00 денари, или 59,36 %.

Ставка 724-Други владини услуги, од планираните 400.000,00 денари за 2015 година, остварени приходи во трет квартал се 112.803,00 денари или 28,20%.

Ставка 725- Други неданочни приходи, од планираните 33.090.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 2.751.950,00 денари или 8,32 %.

Ставка 731- Продажба на капитални средства, планирана е во износ од 35.000.000,00 денари за 2015 година, а остварена за третиот квартал во износ од 13.628.263,00 денари или 38,94%.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања, од планираните 107.574.964,00 денари, остварени се 22.075.987,00 денари или 20,52 %.

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт, од планираните 95.890.368,00 денари, остварени се приходи во износ од 68.192.426,00 денари или 71,11%.

## *Динамика на движење на расходите во третиот квартал*:

### *Тековни оперативни расходи:*

Ставка 401-Основни плати, реализирани се расходи во трет квартал во износ од 29.020.140,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 40.860.000,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување, реализирани се трошоци во износ од 10.562.516,00 денари од вкупно планирани во буџетот 14.788.500,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци, во трет квартал реализирани се трошоци од 4.168.353,00 денари од планираните 7.830.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва, не е реализирана, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви, не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи, реализирани се во износ од 931.820,00 денари од планираните 2.514.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги , греење, комуникација и транспорт, реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 47.781.370,00 денари од годишно планираните 90.200.519,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се расходи во трет квартал во износ од 5.164.427,00 денари, од планираните 8.695.200,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 46.691.593,00 денари од планираните 77.338.803,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги, реализирани се услуги во трет квартал во износ од 26.254.950,00 денари од планираните 41.330.000,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи, реализирани се трошоци за трет квартал во износ од 16.294.942,00 денари, од планираните 24.610.000,00 денари во буџетот.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се трошоци за трет квартал во износ од 7.242.827,00 денари, од планираните 9.852.000,00 денари во буџетот за 2015 година.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 17.387.110,00 денари, од планираните 21.700.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 8.989.736,00 денари од планираните 13.900.00,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 3.253.845,00 денари од планираните 5.400.000,00 денари.

***Капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се во износ од 1.235.363,00 денари од планираните 6.215.018,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи за трет квартал во износ од 148.559.793,00 денари од планираните 341.010.350,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел, бил планиран износ од 450.000,00 денари, реализирани се трошоци во трет квартал во износ од 200.000,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства, реализирани се расходи во износ од 1.142.336,00 денари од планираните 4.842.250,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила, бил планиран износ од 500.000,00 денари, но не се реализирани средства во третиот квартал.

Вкупното извршување на расходите на буџетската сметка на општината за сите програми изнесува 52,60%.

Програмата А0-Совет на општината, во трет квартал, реализирана е со 54,12 %,програмата Г1- Локален економски развој, реализирана е 22,17%, програмата Г2- Потикнување на развојот туризмот,реализирана е со 11,87% за трет квартал,програмата Д0-Градоначалник е реализирана со 62%, програмата Д1-Месна самоуправа, има реализација од 62,73% за трет квартал ,програмата Е0- Општинска администрација е реализирана 61,51 %,програма ЕА- Капитални трошоци на општината е реализирана со 91,33% за трет квартал,програмата Ј3- Јавно осветление е реализирана

со 58,42%, програмата Ј4-Јавна чистота има реализација од 52,81%,програмата Ј6 -Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е реализирана со 9,26%,програмата Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило, има реализација во износ од 62,77 %, програмата ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување има реализација од 68,04% програмата ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици е реализирана со 51,68% , програма ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализација во АРМ четврт 1 и 2, има реализација од 26,03%,програма КА-Културни манифестации и творештво ( капитални расходи) има реализација од 49,08%,програма ЛА- Спорт и рекреација (капитални трошоци) реализирана е со 87,73 %, програма ЊО- Противпожарна заштита има реализација од 54,77%, програма Ф1-Урбанистичко планирање има реализација од 18,89%.

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 466.247.103,00 денари, од вкупно планираните 646.453.667,00 денари или 72,12%.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација за трет квартал се реализирани во износ од 459.157.635,00 денари од планираните 646.453.667,00 денари или 71,03% и тоа:

Ставка 401- Основни плати, реализирани се расходи во износ од 302.870.433,00 денари, од планираните 412.095.034,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување, реализирани се во износ од 112.500.606,00 денари, од планираните 153.658.902,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 22.532.799,00 денари од планираните 40.014.471,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423-Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 1.574.819,00 денари, од планираните 2.916.487,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 347.642,00 денари, од планираните 950.994,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги, реализирани се услуги во износ од 19.331.336,00 денари, од планираните 30.317.779,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки, изнесува 60,26%, Програмата В2- Дом за стари лица, извршена е во износ од 68,54 %, Програмата К3- Музејска и кинотечна дејност има извршување од 68,78%, Програмата Н1- Основно образование извршена е 74,14 %, Програмата Н2- Средно образование, бележи извршување од 69,82 %, и програмата Ѓ0-Противпожарна заштита извршена е 69,22% од планираното за 2015 година.

Вкупните реализирани приходи на **Сметката Самофинансирачки активности** за третиот квартал се во износ од 34.611.997,00 денари од планираните 95.938.489,00 денари или реализирани се во износ од 36,08 %.

Вкупните тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во третиот квартал реализирани се во износ од 29.333.231,00 денари од планираните 95.938.489,00 денари или 30,58% и тоа:

Ставка 401- Основни плати, планирани се вкупно трошоци за 2015 година во износ од 2.366.520,00 денари, а реализирани се 1.567.471,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување, планирани се трошоци во износ од 864.480,00 денари, а реализирани се 582.130,00 денари во третиот квартал.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.006.549,00 денари, реализирани во третиот квартал 88.034,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, планирани се трошоци во износ од 9.202.640,00 денари, реализирани се 3.784.711,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар, планирани се трошоци во износ од 35.236.000,00 денари, а реализирани се 12.792.919,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување, планирани се трошоци во износ од 10.516.500,00 денари, реализирани се 2.048.107,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги, планирани се трошоци во износ од 15.307.900,00 денари, а реализирани се во износ од 4.690.138,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи, планирани се трошоци во износ од 5.087.000,00 денари, реализирани се 1.275.628,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања планирани се трошоци во износ од 150.000,00 денари, но не се реализирани средства во третиот квартал.

Ставка 464-Разни трансфери, планирани се средства во износ од 3.991.500,00 денари, а реализирани се средства во износ од 607.223,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини, од планираните 4.943.400,00 денари, реализирани се 158.893,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 400.000 денари за 2015 година, но не се реализирани трошоци во третиот квартал.

Ставка 482 - Други градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 4.400.000,00 денари, а реализирани трошоци се во износ од 978.261,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 447.000,00 денари, не се реализирани трошоци во третиот квартал.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства, од планираните 611.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 51.716,00 денари во третиот квартал.

Ставка 486 - Купување на возила од планираните 1.408.000,00 денари, реализирани се средства во третиот квартал во износ од 708.000,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од програмата В1- Детски градинки, изнесува 30,87%, од програмата В2- Дом за стари лица, извршувањето е 60,14 %, од програмата К3 извршувањето изнесува 17,69 %, извршувањето на програмата Н1-Основно образование изнесува 7,79 % од планираното, и извршувањето на програмата Н2- Средно образование изнесува 16,34%.

Тековно оперативните приходи на **Сметката на донации** од планираните 20.833.956,00 денари, реализирани се во износ од 7.454.885,00 денари или 35,78 %, додека планираните расходи во износ од 20.833.956,00 денари за 2015 година, реализирани се во износ од 2.342.539,00 денари или 11,24 %. Со средства од донации се реализираат проекти на општинските буџетски корисници ЈОУДГ „Естреа О. Мара“ Битола, СОУ „Таки Даскало“ Битола, СОУ “Ѓорѓи Сугарев“ Битола, како и општинските донации за проектот Општо корисна работа, проект-Биофос,проект- заштита од пожар и други.

Б.Т.

Сектор за Финансиски прашања